РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

БР. 01-364/2
11.04 20 18 ГОД
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор( Службен Весник на Република Македонија, бр. 27/2014, 199/2014, и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за администритвните службеници(Службен Весник на Република Македонија, бр. 11/2018), Градоначалникот на општина Демир Хисар Марјанче Стојановски донесе

**П Р А В И Л Н И К**

за изменување и дополнување на Правилникот за систематиција на работните места во општина Демир Хисар

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Демир Хисар со бр 01-53/1 од 29.01.2016 година и тоа:

Во Глава II во член 8 став 1) точка 8 и 9, член 9 став 1) точка 6 и член 10 став 1) точка 4 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат, издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори Б2(В2) нивото на ЦЕФР, односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат, Тест Даф;
- За нивоата Б3 и Б4 преку преку поседување на меѓународно признат сертификат, издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори Б1(В1) нивото на ЦЕФР, односно ИЕЛТ со 3,5 - 4,5 поени, ФЦЕ БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку450 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат;
- За сите нивоа на категорија В, преку поседување на меѓународно признат сертификат, издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори А2(А2) нивото на ЦЕФР, односно КЕТ ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат;
- За сите нивоа на категорија Г, преку поседување на меѓународно признат сертификат, издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори А1(А1) нивото на ЦЕФР,

односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат.

Член 2

Во глава II во членовите 8, 9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава, односно останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија ( англиски, француски, германски).

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 11-364/2
11-04.2018 Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник,

Марјанче Стојановски

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

[redacted]

Во акта-Арх. знак: 012 0101
Рок на чување: ИТ
30 г. Потпис

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Архивски бр_12/6 - 2629/3
Дата: 20.04.2018 година
бул."Кирил и Методиј" бр.54
1000 Скопје, Република Македонија
Тел. (02) 3200 870 Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) Министерството за информатичко општество и администрација дава

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Примен: 23.04.2018

| орг.едн. | број | прилог | вредност |
|---|---|---|---|
| 01 | 364/3 | - | - |

## СОГЛАСНОСТ
## на

1. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општина Демир Хисар, со архивски број 01-364/2 од 11.04.2018 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Демир Хисар, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општина Демир Хисар, со архивски број 01-364/2 од 11.04.2018 година.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
м-р Јахи Јахија

подготвил: м-р. Е. Адиловиќ Фазлиќ